**ДОМ НА МЛАДИТЕ „25 МАЈ“ — ГАЛЕРИЈА**

Скопје, кеј „Димитар Влахов“ Б. Б. тел. 233-401

ГРАФИКИ НА

# ДРАЖЕН ТРОГРЛИЌ

ДЕКЕМВРИ 1984



Од кои тоа простори на субјективното битие изронуваат вдахновените сликарски визии? На која носталгична топографија и во кои незграпни поттикнувања го наоѓа Дражен Трогрлиќ својот сликарски пат? Дали се тоа опорите грутки земја од детството? Самаританската но и скржава стварност на северните краеви? Простодушна душа пред олтарите на вечноста, или пак, некоја истрајност?

Сликарското поднебје во кое младиот сликар се појавува има обележја на хетероген стил. Меѓутоа, тоа него воопшто не го интересира. Тој својот израз го бара во елементарната свежина. Што значи тоа? Одговорот не е ни малку лесен и едноставен. Тоа значи дека сликарот не сака да ги превземе готовите симболи и сликарски поетики кои веднаш на почетокот би го задушиле неговиот развиток. Тој, имено, им верува на оние искуства кои се негови сопствени и на оние сликари кои во сликарството оствариле свој автохтон израз. Во тие комплексни и ни малку безначајни барања кои пред себе ги поставува, Трогрлиќ веќе на почетокот остварува значајни резултати.

Враќањето кон регионалните извори не е воопшто застарено. Тоа, напротив, во рамките на постмодернистичките збиднувања се поставува како атрибут на логично сликарско поаѓалиште и автентичност. Го почувствува тоа Дражен Трогрлиќ и без колебање уште на почетокот на својот сликарски пат изградува правилен начин на ликовно размислување. Тргнува од опсервациите на појавниот свет натопувајќи ги со субјективни импресии. Својата палета рано ја ослободува од темните тоналитети, од ракописот на строгите

академски канони, од формите на линиите и цврстите волумени. Во подоцнежните остварувања тоа се покажа како драгоцено искуство во стеснувањето на изразот до основните колористички компоненти лишени од непотребни дескриптивни елементи и литерарни оптеретувања.

Со некоја инфантилна визија на Хрватско Загорје сликарот како да сака да ги досегне хоризонтите на убавината на родниот крај и на своето детство. Обичните мотиви ги воздигнува во распеаните простори на имагинацијата и колористичката слобода на плошните планови; во екстатичните или лирски кадрови на надворешниот свет, во интимните погледи на градските простори или во руралните феномени на секојдневието. Орачите, косачите, земјата, небото, сите тие се со ликовни средства доведени до непосреден и изворен израз. Скалата на своите емотивни возбудувања ја изразува со светлосните сигнали на боите и со една невоздржана ракописна разиграност. Во слободниот колористички третман, Трогрлиќ, облиците на надворешниот свет и своите фантазии ги следува на лазурни вибрантни знакови во логичен спој на иконичкото со формалното.

Совладувајќи ги добро сликарскиот métier, Трогрлиќ со различни техники ги руши лажните догми и остварува примитивистичка непосредност. Тоа за младиот сликар е правилен пат до исконските сликарски поттикнувања и до пронаоѓање на нови сликарски созвучја, постапки и резултати.

Дамир Грубиќ



горе: небеските орачи над Загорје, гваш 55 x 95, 1984
десно: косач, литографија, 31 x 46,5, 1984



# Дражен Трогрлиќ

Роден е 1958 год. во Вараждин. Дипломирал сликарство 1983 год. на Академија за ликовните уметности во Загреб во класа на професорот Раул Голодони. Живее и работи во Загреб.

Адреса: Заменхофова б. б. 41000 Загреб

## САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ

1984 Студио на галеријата Форум, Загреб
1984 Галерија Буљат, Заргеб
1984 Дом на младите „25 Мај", Галерија, Скопје

## ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ

1979 Вараждински салон, галерија на слики

1981 13. Салон на младите, Загреб

1982 Галерија „Излог", Вараждин

1982 Ликовна колонија, Прилеп

1982 Изложба на студентите од АЛУ („Галерија „Владимир Назор")

1983 15. Салон на младите, Загреб

1983 37. Изложба на сликари и вајари од Хрватското Загорје и меџимурје, Вараждин

1983 16. заедничка изложба на учесниците на ликовната колонија во Ивањица

1983 Ликовна колонија Луг, Самобор

1984 Ликовна колонија Луг, Загреб

1984 Галерија „Излог", Вараждин

1984 38. Изложба на сликари и вајари од Хрватското Загорје и меџимурје, Вараждин

1984 19. Загребачки салон

1984 Југословенско бијенале на графика, Загреб



љубовници над Загорје, гваш 95 x 68, 1984

издавач

дом на младите „25 мај“
скопје, кеј димитар влахов б. б.
редакција за ликовна уметност, галерија

за издавачот
мирко стефановски

уредник
мирослав поповиќ

организатор
маринко боројевиќ

текст
дамир грубиќ

превод
емилија тодорова

фотографии
нино враниќ

печат
графички завод „гоце делчев“, скопје

тираж
200